Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за образование и наука** | **Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 20-12-2021
Орг. Един. / Njësia Org.: 32-53/1

Бр. 11-16593/2
Датум 15-12-2021

До: Совет за соработка со и развој на невладин сектор

**Предмет:** Барање за номинација на членови во Управувачкиот одбор и Оперативно координативна група и на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието" NEAR/SKP/2021/EA-RP/0053.

Почитувани,

Министерството за образование и наука Ве информира дека од 6-ти декември 2021 година започна со спроведување на проектот - договор за „Подобрување на квалитетот на образованието" NEAR/SKP/2021/EA-RP/0053 и истиот ќе трае 24 месеци, односно до 6 декември 2023 година.

Основна цел на проектот е да се подобри квалитетот на образованиот систем преку инвестирање во професионалниот и кариерен развој на наставниците со цел да се понуди сеопфатно, квалитетно и инклузивно образование за сите.

Конкретните цели на овој договор се следите:

Цел 1: Зајакнување на системот за професионален развој на наставниците и стручните соработници во согласност со професионалните компетенции и стандарди во средното (гимназиско и стручно) образование;

Цел 2: Да го поддржи системско зајакнување на развој и спроведување на ИКТ и дигитални вештини/ компетенции во образованието;

Цел 3: Да се зајакне спроведувањето на исклучивото образование во професионалниот развој на наставниците во согласност со Концептот за инклузивно образование.

Во рамки на предвидените обврски согласно Договорот и Описот на задачи (ToR) за овој проект потребно е да се формираат: (1) Управувачки одбор на проектот, како највисоко тело, кое ќе се среќава на квартално ниво за обезбедување стратешки технички насоки, следење на проектот и поддршка при евентуалните проблеми во текот на имплементацијата, и (2) Оперативно координативна група, што ќе претставува тело за координација и следење на активностите на изведувачот ќе се состанува на месечно ниво.

За таа цел, потребно е да номинирате:

- **две лица** (член и заменик член) во Управувачкиот одбор на проектот од редовите на раководните лица во Вашата институција.


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

- **едно лице** од Вашата институција кое ќе учествува редовно во работењето на ова оперативно тело и ќе биде во постојана комуникација со изведувачот.

Вашите официјални номинации ги очекуваме најдоцна до 24.12.2021 година на следната е-маил адреса: julija.stojkovska@mon.gov.mk, а треба да содржат: Име и презиме, работна позиција и контакт информации (меил адреса и телефон) за номинираните лица.

Во насока на поголема ефикасност постои можност тоа да бидат различни, но и исти лица, кои ќе учествуваат во работата на Управувачкиот одбор на проектот и Оперативно координативната група, во зависност од тоа како Вас ви се уредени работните обврски.

Со почит,

**Министерка,**
**Мила Царовска**

Копија доставено до:
- Министерство за образование и наука – Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење
- Генерален секретаријат, Влада на Република Северна Македонија
- Центар за стручно образование и обука
- Центар за образование на возрасни
- Државен просветен инспекторат
- Биро за развој на образование
- Државен испитен центар
- Сојуз на стопански комори на Македонија
- Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје
- Факултет за образовни науки - Штип
- Педагошки факултет – Универзитет Тетово
- Основни училишта
- Средни училишта
- Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор
- ЗЕЛС

Подготвил: Радмила Ристовска Крчинска
Одобрил: Јулија Пелева Стојковска
Согласен Душан Топмшиќ


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi “ nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk